*МИХАЈЛО МИНОСКИ*

# ИДЕЈАТА ЗА КОНФЕДЕРАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКАТА ПОЛИТИЧКА МИСЛА

Идејата за конфедерација на Балканскиот Полуостров во која Македонија ќе претставува самостојна конфедерална единица во македонската политичка мисла се појавила многу одамна, кон крајот на 60-те и во почетокот на 70-те години на XIX век. Ја образложил и популаризирал Пол Аргиријадес,[1] роден во Македонија, а во тоа време живеел и дејствувал како социјалист во Франција. Своите погледи за решавање на македонското прашање во рамките на една балканска конфедерација ги изнел пред „Меѓународната лига за мир", а потоа и на организираните специјални конференции за балканска конфедерација. Прашањето било поставено и на конгресот на Лигата за мир во Лозана, во 1869 година. За популаризирање на идејата во повеќе центри биле формирани комитети.

За прашањето за балканска конфедерација било расправано и на Конгресот на Лигата за мир одржан во Женева во 1876 година.[2] Потоа за повеќе години дошло до намалување на пропагандната дејност. Аргиријадес тоа прашање повторно го актуелизирал во 1885 година, со публикување на трудот „Македонија".[3] Во 1886 година прашањето за балканска конфедерација повторно било поставено, на Конгресот на Лигата за мир во Женева. Со цел да се координираат активностите за натамошно пропагирање и популаризирање на идејата во 1894 година била формирана „Лига за балканска конфедерација", под претседателство на Аргиријадес.[4] Лигата имала за цел да

---

[1] Пол Аргиријадес (1849—1901) во тоа време адвокат во Апелациониот суд по Париз.

[2] Д-р Христо Андонов — Полјански, Пол Аргиријадес за Балканската федерација и решавањето на македонското прашање, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, 1968/20, с.

[3] P. Argiriadès, Macédoine. — La Questjon sociale, 10. III/10. IV/1885, 88.

[4] Прашање е дали не се работело за обновување а не за основање на таа лига бидејќи за нејзино постоење се споменува уште во 1875 година (T. G. Djuvara, Cent projets de partage de la Turquie, Paris 1894, 502.).

го следи реализирањето на конфедерација на сите народи од Источна Европа и Мала Азија.[5] Во статутот на Лигата биле наброени државите членки на идната балканска конфедерација меѓу кои и Македонија. Истата година, на 22 ноември, во Париз се одржала меѓународна конференција посветена на прашањето за балканска конфедерација. Во работата на конференцијата зеле учество видни личности општественици, пред сè социјалисти од повеќе европски земји. На конференцијата Пол Аргиријадес ја образложил идејата за балканска конфедерација што требало да се формира од земјите што се најдувале во составот на Османската држава и од оние што тоа биле порано. При тоа Аргиријадес докажувал дека тоа и такво решение на источното прашање било реална солуција што се наметнувала на секој просветен ум. Според неговото мислење не можело да се најде друго пологично политичко решение и што повеќе ќе погодувало на светскиот мир.[6] Во својата концепција за балканска конфедерација Аргиријадес во средиштето го поставил македонското рашање. Од неговото правилно и праведно поставување било условено создавањето на конфедерацијата.[7] За тоа според Аргиријадес се создале среќни околности со тоа што во Македонија била основана Македонска Револуционерна Организација која, со својата програма за автономија на Македонија и со своето постоење и дејствување, „ставала крај на аспирациите на балканските држави".[8] Конфедерацијата според Аргиријадес била потреба на народите и државите од тој регион бидејќи со тоа трајно се разрешувале недоразбирањата, спорoвите и судрувањата, но и потреба за европската рамнотежа. Затоа на источното прашање не требало да се гледа како на регионално, локално туку како на европско прашање.[9]

Во конфедерацијата балканските држави и народи ја обезбедувале својата целосна самостојност и независност. Заедничките интереси се регулирале договорно од претставници од секоја од конфедералните држави. Делегациите на конфедералните држави со седиште во Цариград ги регулирале споровите и конфликтите и одлучувале за употреба на воените сили на конфедерацијата во случај на надворешна опасност за одбрана на независноста и територијалниот интегритет на секоја држава членка.[10]

---

[5] Д-р Христо Андонов — Полјански, П. Аргиријадес за Балканската федерација...

[6] P. L., Le Fédéralisme et la üuestion d'Orient. — La Revue Socialiste, Paris, 1895/22, 204.

[7] Во врска со тоа во 1896 година меѓу другото пишувал: „Ако се базираме на историската правда побргу Македонија треба, по право, да ги поседува сите тие земји што сакаат да ја потчинат затоа што таа самата порано ги владеела и господарела" (P. Argirjaadès, La Macédoine. — Almanach pour 1896, p. 243).

[8] P. L., Le Fédéralisme et la question d'Orient..., 207.

[9] Истото, 206.

[10] Истото, 208.

Проектот на Артиријадес како солуција за решение на македонското прашање ја поддржало и едно македонско револуционерно друштво со име „Македонски револуционерен комитетски сојуз". Сојузот го објавил неговиот труд за балканската конфедерација.[11]

Во 1898 година д-р Ѓорѓи Капчев од Охрид[12] презел организирана пропагандна и публицистичка дејност за актуелизирање на македонското прашање за негово разрешување. Тој се застапувал за негово постапно решавање. При тоа првата фаза би била давање политичка автономија на Македонија, како етапа кон нејзино конституирање во целосно слободна и независна македонска држава. Третата фаза го означувала создавањето на југословенска конфедерација во која требало да влезе како самостојна држава-членка и независна Македонија. Капчев, според доверливи документи од тогашната хрватска земска влада, воспоставил политички врски во Загреб, Љубљана и Виена каде агитирал „за ослободување и независност на Македонија и за создавање југословенска конфедерација на Балканскиот Полуостров".[13] Бидејќи во постојните прилики и односи била евидентна потребата од една „нова поширока политичка организација на Балканскиот Полуостров која најправедно ќе ги задоволела интересите на балканските народи и на нивните соседи, еднородните словенски народи".[14] Таа нова политичка организација требало да ги обезбеди сите услови за самостоен државен живот[15] на членките односно на конфедералните единици. Според Капчев југословенската конфедерација можела да биде единствено демократска заедница на сојузни држави уредена во форма и по примерот на Соединетите Американски Држави.[16] Во конфедерацијата секој од сојузните народи задржувал и целосна црковна самостојност.[17]

Создавањето на југословенската конфедерација според становиштето на д-р Капчев била подеднаква потреба за сите југословенски народи кои единствено сојузени можеле да сметаат на сигурен слободен развиток. Бидејќи и самите слободни југословенски народи со конституирана државност во тоа време, во времето на империјализмот, не биле безбедни поради империјалистичките стремежи на големите сили. Тоа тој многу убаво го искажал кога пишувал: „Ако се реализира таа цел (со-

---

[11] П. Аргиријадес и Пол Лагард, Разрешението на източни въпрос. Балканската конфедерация. Македония, Габрово, 1902.

[12] Од видното трговско семејство Капчевци кое најмногу тргувало со Солун, но имало трговски врски и со Виена.

[13] Arhiv grada Zagresa (AGZ), Br. 5985/1898; Viiko Cecić, Zagreb za oslobođenje Makedonije. Prema dokumentima iz 1898 i 1999 godine. — Zagrebačka panorama, 1962/II, 1—2, 33.

[14] Георгий Ив. Капчев, Македония или гласъ на роба, Загреб, 1898, с. 38.

[15] Истото, 42.

[16] Георгий Капчев, Македония..., 42.

[17] Истото.

здавањето на конфедерацијата — ММ) ние Југословените сме спасени засекогаш од неканетите нехристијански и христијански султани".[18] Според тоа во концепирањето на југословенската конфедерација д-р Ѓорѓи Капчев се раководел од сфаќањето за етничка блискост на југословенските народи.

Во последната деценија на минатиот век со своја солуција за решавање на македонското прашање излегле македонските револуционери-социјалисти. Тие во својата програма како крајна цел на дејствувањето зацртале создавање независна македонска држава, со демократско републиканско уредување, односно независна македонска република. Македонската Република според нивното гледиште, ќе одиграла важна улога за демократизација и на соседните земји и во процесот на создавањето на балканската конфедерација. Создавањето на конфедерацијата се наметнувало како заеднички интерес, но и потреба на сите балкански народи кои само здружени ќе можеле „со успех да се заштитуваат од опасните намери на нивните непријатели".[19] Уште повеќе кога сите тие „народите на Балканскиот Полуостров фактички не биле господари на својата судбина".[20] Поради сето тоа „спасот на Балканскиот Полуостров, како што посебно предупредувале, бил во балканската конфедерација".[21]

Создавањето на балканската конфедерација било можно само тогаш кога „Македонија ќе се ослободела и ќе заживеела самостојно како држава".[22] Што се однесувало за начинот како Македонија можела да се ослободи и конституира во самостојна држава, неподелено било мислењето дека единствено средство било оружената ослободителна борба на македонскиот народ, односно патот на револуцијата.

Инаку тие, македонските револуционери-социјалисти, имале јасно сознание и изграден став по прашањето што претставувала конфедерацијата. Конфедерацијата требало да биде изградена како сојуз на држави. Секоја од државите членки задржувала целосен суверенитет и самостојност. Во конфедерацијата се сојузувале „со цел за заедничка заштита".[23]

Во тоа време и една друга група македонски револуционери што се формирала во Швајцарија, во 1898 година, од редот на тамошните македонски интелектуалци, меѓу кои и Петар Манџуков и Михаил Герџиков, исто така ја застапувале идејата за политичко и економско ослободување на Македонија, по пат на револуционерна оружена борба за создавање независна македонска држава. При тоа на независната маке-

---

[18] Истото.
[19] В-к „Политическа свобода", 29. II. 1898, 5.
[20] Истото.
[21] Истото.
[22] Истото.
[23] Работнически речник. Одбрани статии за работничкото и социјалистичкото движење во Македонија (1895—1914), Скопје, 1962, 135.

донска држава ѝ наметнувале улога на обединувачко јадро за создавање конфедерација на Балканскиот Полуостров.[24] На создавањето на Балканската конфедерација гледале како на подолгорочен процес и подалечна цел.

Македонскиот револуционерен комитетски сојуз[26] што бил активен и во годините од 1899 до 1901, во својата програма за цел на своето дејствување зацртал создавање самостојна македонска држава, со демократско републиканско уредување. За Сојузот биле неприфатливи често изнесуваните барања за политичка автономија на Македонија. Бидејќи автономијата, според нивното сфаќање, подразбирала задржување на суверенитетот на султанот. Во тој случај „народниот суверенитет, за кого толку многу се зборувало, останувал само една фикција“.[26] Затоа една таква солуција била одамна надмината и како таква требало „да се фрли во архивата на историјата“.[27] Сојузот од своја страна го сметал не само за неоправдано туку и штетно секое поддржување на идејата за автономија на Македонија.[28] Крајниот идеал морал да биде ослободување и самостојност на Македонија, „со целосен врховен народен суверенитет“.[29] Македонскиот револуционерен комитетски сојуз предвидувал Независната Македонска Република да објави воен неутралитет. А тоа значело дека не требало да создава постојана македонска војска.[30] Со самото свое постоење македонската држава ќе придонесувала за отстранување на неслогите меѓу балканските држави. Со прогласувањето воен неутралитет „ќе дадела сигнал и за нивно разоружување. Со тоа се отворал нов хоризонт пред балканските народи, таму непознат.[31] Потоа тие, во сосема подруги услови, ќе можеле слободно да се развиваат и да се зближат. Тоа било потребно за создавање почва на која ќе можело да се создаде балканска конфедерација.[32]

Создавањето на самостојна македонска држава било императивно за македонскиот народ. Само политички независен

[24] Истото.

[25] Сојузот претставувал одделна организирана група во македонското националослободително движење, а го чинеле повеќе месни организации односно комитети, како што се именувале. Сојуозт имал свој привремен Правилник за организациона поставеност и дејствување според кој се раководеле месните комитети. Дејноста била поставена врз принципот на целосна децентрализација. Месните комитети имале полна слобода во дејствувањето, согласно со месните услови. Централното биро само ја координирало дејноста на месните комитети.

[26] Д. Вихровъ, Отворено писмо до македонските революцинери, Габрово, 1901, 36.

[27] Истото.

[28] Истото.

[29] Истото.

[30] Истото.

[31] Се обезбедувале сите услови за започнување на процесот на нивно зближување и сојузување.

[32] Д. Вихров, Отворено писмо . . ., 45.

македонскиот народ ќе можел, во процесот на сојузувањето на балканските народи, да биде на рамна нога со нив и „при склучувањето на извесни договори ќе можел да поставува свои услови“.[33]

Интересни се некои од изнесените поставки по однос на уредувањето на внатрешните односи и основите на стопанскиот систем на самостојната македонска држава, како што се: застапувањето за „најлесен даночен систем“, воведување прогресивен данок на доход, за задоволување на заедничките потреби на земјата. За побрз стопански развиток се предвидувало заштита на македонските стоки на домашниот пазар од конкуренцијата на стоките од Србија, Бугарија и Грција со соодветна царинска политика“.[34] Посебно значење се придавало на учеството на странскиот капитал во обновата и за забрзување на развитокот на македонското стопанство. За Солун се предвидувало да се прогласи за слободно меѓународно пристаниште и по тој начин во Македонија да се привлечат странски капитали.[35]

Организираното македонско национално ослободително движење, претставувано од Македонската револуционерна организација во периодот до Илинденското востание, застанало на позициите на македонска посебност. Најнапред во форма на државно-правна автономија, а потоа и создавање на одделна, независна македонска држава.

По неуспехот на Илинденското востание прогресивни македонски интелектуалци во странство изнесле повеќе нови концепции за решавање на македонското прашање. Во 1904 година професорот Григорије Хаџи Ташковиќ од Воден во едно свое јавно предавање во Париз[36] пред студентите од балканските земји ја образложил својата концепција за ослободување на Македонија, нејзино конституирање во самостојна македонска држава во рамките на една балканска конфедерација.

Ослободувањето на Македонија можело да биде само на македонскиот народ и на сите Македонци, со сестрана поддршка и солидарност на соседните слободни балкански народи. Григорије Хаџи Ташковиќ го сметал за невозможно зближувањето, а уште помалку обединувањето на балканските народи, сè додека и македонскиот народ не се здобиел со слобода, односно додека сите балкански народи не postанеле слободни. Според неговото мислење само слободни народи можеле да одлучуваат за здружување во заедница со други народи врз принципот на рамноправност. Откако Македонија ќе се ослободела

---

[33] Истото, 55.

[34] Истото, 56—57.

[35] Д. Вихровь, Отворено писмо до македонските револуционери, 57.

[36] Во тоа време тој бил слушател на факултетот за литература на Сорбона.

[37] Alceste, La Question Macédonienne. — L'Union Danubienne, Paris, 15 Juin 1904/I, № 1, 7—8.

и конституирала во самостојна македонска држава се отворал пат да се пристапи кон „ново групирање на слободните балкански држави во балканска конфедерација.[38] Хаџи Ташковиќ бил категоричен во својот став дека не можело, но и не требало да се создава балканска конфедерација сè додека не се ослободел и македонскиот народ. Други поединости за тогашната негова концепција за конфедерална Македонија во една балканска конфедерација, не се познати.

И во редовите на организираното македонско национал-ноослободително и револуционерно движење дошло до измени, како во поглед на методите на дејствување, така и во однос на целите на борбата. За цел на македонската ослободителна борба било прокламирано: ослободување, државна самостојност и обединување на самостојната македонска држава со соседните балкански држави во балканска конфедерација. При тоа македонската држава требало да го претставува јадрото на конфедерацијата на балканските држави.[39] Оваа идеја самостојна македонска држава во една балканска конфедерација била изнесена во јавноста во почетокот на 1904 година. Во тоа време во Рим престојувале Борис Сарафов и Михаил Герџиков со цел да ја заинтересираат Италија, но и другите две големи европски држави: Франција и Велика Британија, за разрешување на македонското прашање со создавање независна македонска држава под заштита на големите сили. Во изјавите за печатот Сарафов укажувал на големата улога што ќе ја имала независната македонска држава како фактор за стабилност на Балканскиот Полуостров и за збижување и сојузување на балканските народи. Во Рим македонските претставници имале средба и со познатиот италијански револуционер генералот Гарибалди кој, во една своја изјава за печат, потврдил дека при средбата со Сарафов била конституирана потреба за спогодбено дејствување за создавање независна Македонија.[40]

Идејата за самостојна македонска држава како членка на една идна балканска конфедерација била прифатена и од левото револуционерно крило на Македонската револуционерна организација. Весникот „Револуционерен лист", гласило на Организацијата, во бројот од 17 септември 1904 година, пишувал дека само самостоојна македонска држава со републиканско уредување можела да ја елиминира меѓусебната борба на аспирантските држави и да се појави како „најдобар проводник на остварувањето на идејата за балканска конфедерација".[41] Истиот весник во бројот од 27 јануари 1905 година

---

[38] Истото.

[39] Д-р Михајло Миноски, Федеративан идеја во македонската политичка мисла (1887—1919), Скопје, 1985, 87.

[40] Истото.

[41] Революционнеоъ листъ, 17. IX. 1904, 8.

пишувал уште поопределено, за единствена независна Македонија како идна конфедерална единица на Балканскиот сојуз.[42]

Раководејќи се од тие начела, Револуционерната организација ги определувала основите за идното политичко уредување на Македонија, со што ќе се подготвеле услови за балканско сојузување. Македонскиот револуционер Димо Хаџи Димов изнел образложена концепција за балканска конфедерација и за улогата што требало да ја има во процесот на нејзиното создавање, слободна Македонија. Според изнесеното гледиште на Хаџи Димов самостојна единствена Македонија ќе претставувала тампон држава на Балканскиот Полуостров која, како таква, ќе придонесувала за елиминирање на спротивностите, со што се обезбедувал мирен економски, и културен развиток на балканските земји, но и за расчистување на патот кон нивно сојузување во една балканска конфедерација. Но за тоа Македонија требало еднаш и засекогаш да се конституира како посебна политичка единица односно самостојна македонска држава. Откако еднаш ќе била обезбедена политичката целост на Македонија (Хаџи Димов ги имал предвид сè поагресивните настапувања на балканските монархии и нивните пропаганди) таа ќе се јавела како фактор што ќе имал решавачко влијание:

1. Да се држат на растојание една од друга балканските државички, со што се отстранувале најважните причини за нивното соперништво и крвави борби.

2. На секоја од балканските државички ѝ се давала можност, откако ќе престанеле да се стремат за некакво територијално зголемување, да ја канализираат сета своја енергија кон сопствениот развиток.

3. Македонија[43] како самостојна политичка единица не само што ќе придонесувала за уништување на неслогите и борбите меѓу балканските државички, туку уште и ќе послужела како центар околу кој ќе се групирале сите балкански државички и на тој начин ќе се реализирала балканска конфедерација. Една таква конфедерација ќе обезбедела најблагопријатни услови за слободен економски и културен прогрес на сите народи на Балканскиот Полуостров.[44]

За самостојната македонска држава се предвидувало демократско внатрешно уредување при што ќе се гарантирала рамноправност пред законите и целосна религиозна, национална, политичка и економска слобода на сите нејзини жители.[45]

Кон крајот на 1911 и почетокот на 1912 година идејата за балканска конфедерација повторно била актуелизирана. Од

---

[42] Истото, 9.

[43] Тука го вклучува и Одринско, односно Македонија и Одринско.

[44] Авиценусь, Критически бѣлѣшкий по поводъ написаната отъ Брут (Христо Матов — ММ) книжка: „Основи на В. Р. Организация". — Револючионенъ листъ, 28. II. 1905, 10.

[46] Истото, 11.

страна на македонските социјалисти со анархистички концепции, организирани во конспиративни младински кружок. Познато е дека такви кружоци имало во Солун, Кукуш, Струмица, Кратово и Куманово. Кружокот во Солун илегално издавал литографиран весник „Фар". Своите ставови за актуелните проблеми во Османската држава, посебно за прашањето на ослободувањето на Македонија и за идните односи меѓу балканските земји, ги изложиле во еден документ што го насловиле како „Отворено писмо" до владата на Османската држава. Во документот што бил предаден на печатот во Цариград, Софија, Белград и Атина повикувале на „збратимување на отоманските и балканските народи и создавање конфедерација".[46]

Согледувајќи ја непосредната опасност од избувнување војна на Балканскиот Полуостров со катастрофални последици за сите балкански народи, посебно за Македонија и македонскиот народ како непосреден објект на империјалистичките цели на балканските монархии, не гледале друго решение освен да предупредуваат и да апелираат на прогресивните сили во Османската и балканските држави да преземат решителни акции за спречување на воеиото судрување. Да се кренат против реакционерни владеечки гарнитури, во името на заедничките интереси на балканските народи, „за балканска конфедерација на отоманските и балканските народи".[47]

Солунската социјалистичка федерација по завршувањето на воените операции во Првата балканска војна, кога Македонија била окупирана од армиите на балканските држави, побарала од Бирото на Социјалистичката интернационала во Брисел, да интервенира за заштита на македонскиот народ, за повлекување на окупаторските војски и да се застапи за создавање самостојна македонска држава. Во своите обраќања до Социјалистичката интернационала раководството на Солунската социјалистичка федерација (чиј истакнат претставник бил Димитар Влахов) укажувало дека самостојна Македонија ќе придонесела за зближување и поврзување на балканските земји, како „солидно јадро на балканската конфедерација".[48] Тоа било во интерес на мирот на Балканскиот Полуостров и во Европа.[49]

Македонските социјалисти барале Македонија да се конституира во одделна самостојна држава, по што ќе можело да се пристапи кон сојузување на балканските држави во балканска конфедерација. Органот на Солунската социјалистичка федерација, весникот „Аванти", во бројот од 9 декември

---

[46] Д-р Манол Пандевски, Социјалистичкиот анархистички крижок „Црвени браќа" во Македонија. — Работничкото движење во Македонија до 1929, Скопје, 1971, 315.

[47] Д-р Данчо Зографски, Југословенските социјалисти за македонското прашање, Скопје, 1962, 99.

[48] Димитар Влахов, Мемоари, Скопје, 1970, 184

[49] Истото.

1912 година, во очекување дефинитивно решение за судбината на Македонија, пишувал наместо балканскиот сојуз да се формира балканска конфедерација.[50]

Во април 1913 година Солунската социјалистичка федерација директно се обратила до раководствата на социјалдемократските партии во балканските градови со барање за заедничко дејствување за создавање балканска конфедерација. Како прв практичен чекор предлагала акција за признавање посебноста на Македонија и создавање на царински сојуз на сите балкански земји. Тоа ќе придонело за нивно натамошно зближување. За координирање на акциите таа барала да се формира единствен Комитет за балканска конфедерација.[51] На барањето од македонските социјалисти двете фракции на Бугарската социјалдеморатска партија одговориле дека таква акција „била невозможна пред општата демобилизација". Романската и Српската социјалдемократски партии не сметале ни за потребно да одговорат.[52] Во тоа време во одбрана на територијалната целост на Македонија и единството на македонскиот народ активно дејствувале македонските интелектуалци во Русија. Тие излегле со барања за создавање самостојна македонска држава. Независна Македонија, како што пишувал Димитрија Чуповски, не можела да биде вештачка држава затоа што во Македонија немало ни Срби, ни Бугари, ни Грци, туку наполно одделен народ. Уште повеќе кога Македонците им беа сојузници и заедно со нив се бореле и поднеле непомалку жртви од нив.[53] Во спротивно македонскиот народ ќе ја продолжел својата борба и, како и во минатото, „Македонија ќе станела гробница на насилниците".[54]

По започнувањето на Втората балканска војна, меѓу дотогашните балкански сојузници, Солунската социјалистичка федерација предупредувала на опасните последици по сите балкански народи и дека тие можеле да ја обезбедат својата иднина и слободно да се развиваат единствено „со прифаќање миролјубива политика, взаемна доверба и со формирање конфедерација".[55]

Непосредно пред потпишувањето на мировниот договор меѓу завојуваните балкански држави со кој се одредувала и судбината на Македонија, раководството на Солунската социјалистичка федерација повторно се обратило (на 3 август) до Бирото на Социјалистичката интернационала. Откако обрнувало внимание дека „делбата на Македонија меѓу старите и но-

---

[50] »L'Avanti«, 9. XII. 1912.

[51] Пол Димон, Солунската работничка социјалистичка федерација. — Прилози за Илинден, III, Скопје, 1983, 723.

[52] Истото, 724.

[53] Д-р Блаже Ристовски, Димитрија Чуповски, II, Скопје, 1978, 119

[54] Истото.

[55] »L'Avanti«, 24. 07. 1913; Пол Димон, Солунската работничка социјалистичка федерација . . ., 725.

вите сојузници" не само што не ќе донесело смирување туку напротив таа ќе станела жариште на нови уште покрвави судрувања, а Балканот ќе претставувал постојана опасност за европскиот мир.[56] Затоа не било само во интерес на слободниот развиток на Македонија, туку и во интерес на демократизацијата на балканските земји, во интерес на мирот на Балканскиот Полуостров и општиот мир, Македонија да се конституира во посебна политичка единица со воспоставување управа независна од соседните држави, гарантирана со еден меѓународен документ.[57] На крај, и во таа прилика, се застапувале за вклучување на македонската држава во една идна балканска конфедерација.[58] Од Социјалистичкото биро се барало да ги задолжи социјалдемократските партии членки на интернационалата да се застпат за реализирање на предложеното решение на македонското прашање. Наместо тоа Бирото барањето за покренување општа акција на социјалдемократските партии во прилог на самостојноста на Македонија „го ставило во архива" и „така работата се заташкала".[59]

Со Букурешкиот мировен договор Македонија била поделена меѓу балканските држави, согласно со распоредот на силите на крајот од Втората балканска војна. Со тоа не само што не се обезбедувало смирување на ситуацијата на Балканскиот Полуостров, туку водело кон натамошно опасно влошување на односите меѓу балканските држави, и нова војна и меѓусебно уништување. Македонскиот национален деец и революционер-социјалист Атанас Раздолов (од Берово) во 1914 година предупредувал дека македонскиот народ кој живеел „во непрекинати борби за слобода", не можел да се покори на судбината што му ја наметнале балканските освојувачи со силата на оружјето на нивните армии, дека ќе започнел нова ослободителна борба „со нови средства, со нови знамиња и со нови идеали". Затоа на Балканскиот Полуостров во иднина му претстоеле „две големи средби: или сојузување по примерот на Соединетите Американски Држави или да остане раздробен и обезличен".[60] Раздолов пледирал за создавање Соединети балкански држави во кои Македонија ќе има свое рамноправно место.

Во времето на Првата светска војна, во почетокот на 1917 година, македонското прашање го актуелизирале македонските интелектуалци во Швајцарија. Д-р Анастас Коцарев (од Охрид, доцент на Женевскиот универзитет) излегол со идеја за создавање балканска конфедерација, со што трајно и во интерес на сите балкански народи ќе се разрешиле сложените бал-

---

[56] Пол Димон, Солунската работничка социјалистичка федерацијата..., 725.
[57] Истото.
[58] Истото.
[59] Истото, 726.
[60] А. Раздоловъ, Бъдщето на Балканския Полуостров, Варна, 1914, 11.

кански проблеми и посебно прашањето на Македонија. Според неговата замисла идната балканска конфедерација требало да се формира од следниве држави — членки: Албанија, Црна Гора, Босна, Далмација, Војводина (одделно), Хрватска (во постојаниот обем), Србија (од 1912 година, односно од пред Балканските војни), Македонија (во најширок обем од 1912 годинај и Бугарија.[61]

За запознавање на балканската прогресивна интелигенција во Швајцарија и швајцарското јавно мислење д-р Коцарев подготвил јавно предавање за да ја образложи својата концепција за балканската конфедерација. Основната поента била да се појасни и образложи можноста за конституирање на Македонија (обединета во нејзините природни и национални граници) во посебна државно-политичка единица на Балканскиот Полуостров и нејзиното влегување во идната балканска конфедерација. Но за тоа не добил можност сè до почетокот на април 1919 година, кога во Женева, место јавно, одржал предавање за ограничен круг посетители (од затворен тип). На предавањето присуствувале и некои угледни швајцарски општественици, републиканци. Идејата за балканска конфедерација со самостојна Македонија како рамноправна членка, била поволно примена и од дел од југословенската прогресивна интелигенција во Швајцарија.[62]

Летото 1918 година на, иницијатива на д-р Коцарев, Македонското студентско друштво од Женева ги повикало останатите македонски студентски друштва во Швајцарија да ја обединат својата дејност за ослободување и обединување на Македонија, „за независна Македонија што не ќе им припаѓа на Србите, Грците ниту на Бугарите, туку на самите Македонци".[63] На македонскиот собир во Женева, на 12 август истата година, со цел да се формира македонски национален комитет што ќе раководел со заедничкото дело, д-р Коцарев во својот говор јасно и гласно предупредил дека Македонија не можела да ѝ припадне ниту на Србија ниту на Бугарија, дека морала да биде одделена, независна држава. Само македонскиот народ, „согласно со прокламираниот (од претседателот на Соединетите Американски Држави — Вудров Вилсон — ММ) принцип за правото на народите на самоопределување", самиот ќе одлучел за државното уредување на Македонија и за тоа „дали сака и со кого сака да биде во заедница".[64] На 21 август биле утврдени основните акти на идниот Сојуз на македонските друштва во Швајцарија според кои целта на дејствува-

---

[61] Ј. Н. Томић, Југословени у емиграцији. Писма и белешке из 1917, Београд, 1921, 24.

[62] Истото.

[63] Љубен Лапе, Придонесот на македонските студенти во странство за развитокот на македонската национална мисла и одбрана на македонскиот национален индивидуалитет, Моменти од работата на неколку студентски друштва. — Историја, 1970/VI, 2, 67.

[64] Д-р Михајло Миноски, Федеративна идеја . . ., 217.

њето била „создавање самостојна македонска држава, што ќе влезела во идната балканска конфедерација“.[65] Во почетокот на јануари 1919 година Генералниот совет на македонските друштва во Швајцарија упатил меморандум до владите на големите сили од Антантата: САД, Велика Британија, Франција и Италија, со барање да ја признаат посебноста на македонскиот народ и да се застапат за создавање самостојна македонска држава од обединета Македонија. До нејзиното целосно конституирање се предлагало протекторат од споменатите сили, чии војски требало да го одржуваат редот во Македонија и да ја заштитуваат нејзината територија.

Во почетокот на февруари 1919 година Политичкото друштво „Македонија на Македонците“ објавило проглас, во врска со одржувањето на конференција „Македонија и Мирот“ во Цирих, закажана за 13 февруари, што започнувал со зборовите дека „без праведно и правично решение на балканскиот проблем, посебно на македонското прашање, не бил можен траен мир на Блискиот Исток и не можела да се реализира балканската конфедерација ниту ќе се обезбедил општиот мир“.[66] Македонците во Швајцарија особено големи надежи полагале во Соединетите Американски Држави и претседателот Вилсон. Во едно свое писмено обраќање до американскиот претседател Генералниот совет на македонските друштва во Швајцарија од 19 мај 1919 година молел од името на македонскиот народ да се застапи „Македонија да се конституира како слободна и независна држава под протекторат на една од големите сили.“[67] Нејзиното создавање било значајно за целиот балкански регион. Бидејќи само со нејзино создавање можело да се обезбеди вистинско и трајно сојузување на сите балкански држави во една балканска конфедерација. И во „Апелот до цивилизираниот свет“, публикуван на 28 мај 1919 година, било повторено барањето за создавање на самостојна македонска држава со конкретизирање под протекторат на Соединетите Американски Држави. При тоа се потенцирало дека само самостојната македонска држава можела на постојните балкански држави да им обезбеди во иднина „да се срекаваат поинаку отколку со оружје и ќе придонесла за остварување балканска конфедерација.“[68]

И Привремено претставништво на бившата Македонска внатрешна револуционерна организација од почетокот на 1919 водина презело интензивна политичко пропагандна дејност

---

[65] Сојузот на македонските друштва во Швајцарија бил формиран на 15 декември 1918 година, на состанокот во Лозана, кога било извршено обединувањето и бил избран Генерален совет на Сојузот.

[66] Canton de Voud. Bibliothéque cantonele et universitaire (CV BCU) Lausanne, Manuscrit S. 6611 (AM. M. 140). memorandum 11. I. 1919.

[67] CV BCU, M-t S. 6611, A Son Exellence Monieur Woodrov Wilson President des Etats-Unis, Paris, le 19 mai 1919.

[68] Д-р Михајло Миноски, Федеративната идеја . . ., 243.

пред Мировната конфенерција во Париз во прилог на ослободувањето и обединувањето на Македонија и за создавање неутрална македонска република. Македонскиот народ за тоа свое право се изборил во текот на минатите борби. И тие, најистакнатите македонски национални дејци и револуционери кои го претставувале организираното македонско националноослободително движење, како и другите македонски дејци, го истакнувале големото значење што македонската држава ќе го имала за обезбедување на мирот и стабилноста во регионот. Независната македонска држава ќе придонесувала во првиот период по нејзиното конституирање за нормализирање на односите а потоа и за воспоставување трајна соработка меѓу балканските држави, со што ќе се создаделе услови за една идна конфедерација на Балканскиот Полуостров.[70]

Есента 1919 година кога веќе било известно дека големите сили победнички на Париската мировна конференција се оглушиле од македонските барања за признавање и на македонскиот народ прокламираното од нив право за самоопределување на народите, и не прифатиле создвање самостојна македонска држава, Македонците во Швајцарија се обиделе да влијаат излегувајќи со нова солуција за македонското прашање. Тие изјавиле дека прифаќаат и самите предлагале прашањето на Македонија да се реши во рамките на новата, југословенска држава. Суштината на предлогот се состоел во тоа обединета Македонија, конститутирана како посебна политичка единица да се присоедини кон југословенската држава. Тоа ќе било можно доколку последната се преуредела во конфедеративна држава. Весникот „Независна Македонија", што излегувал во Лозана, во бројот од 1 ноември 1919 год., пишувал дека југословенската конфедерација од осум конфедерални единици: Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Македонија и Бугарија, ќе броела близу 20 милиони жители со која Европа ќе морала да смета, бидејќи ќе ги држела клучевите за Медитеранот, Азија и Африка.[71] Во така концепираната конфедерација секоја од државите — членки го зачувувале целосниот свој државен суверенитет. Самостојно и независно одлучувале за своето внатрешно државно уредување. При тоа државите — членки што тоа ќе го сакале, како на пример Црна Гора, Србија или Бугарија, можеле да ја зачуваат монархијата. Во тој случај нивните кралеви останувале

---

[69] Привременото претставништво било формирано по извршеното обединување на револуционерните сили од поранешната Внатрешна революционерна организација во Западна Македонија и претставниците од така нареченото Серско крило, врз платформата од Серската декларација.

[70] Д-р Христо Андонов — Полјански, Велика Британија и македонското прашање на Париската мировна конференција 1919, Скопје, 1973.

[71] Un diplomate, Slavie du Sud. — L'Independence Macédonienne, 1. XI. 1919.

суверени на „нивните директни поданици“.[72] Во парламентот на конфедерацијата секоја конфедерацлна единица делегирала свои претставници. И тоа „за само еден мандат“.[73] На чело на конфедерацијата стоел претседател. Функцијата претседател на конфедерацијата ја вршел еден од шефовите на конфедералните единици, кои се менувале по утврден ред.[74] Со така уредените односи се обезбедувало најоптимални услови за економски, културен и општо севкупен развиток на секоја од конфедералните единици но и на конфедерацијата во целина. Понатаму редакцијата на весникот се орадувала за југословенската конфедерација, со напомена дека за тоа биле повикани да одлучуваат самите југословенски народи кои имале можност слободно да се определуваат,[75] што не било случај со македонскиот народ. Што се однесувало пак до него македонскиот народ, и покрај сите неправди што со децении му биле нанесувани од неговите соседи, без сомнение ќе се определел за заедништво во една конфедеративна држава. Во врска со тоа весникот пишувал дека „и покрај сите пустошења во Македонија и многубројните недела извршени од страна на ,ослободителите' за време на Балканските војни, за што имало докази од самите тие влади кои взаемно се обвинувале, несреќниот македонски народ, измачуван со векови, „немало да одбие да биде состаен дел на конфедерацијата“.[76]

Сето тоа не значи дека не се согледувале реалните состојби во југословенската држава која се организирала како унитаристичка монархија во која македонскиот народ не можел да очекува радикално менување на неговата положба.

Санкционирањето на поделбата на Македонија на Париската мировна конференција било дочекано со многубројни протести и најрешителна осуда од организираните македонски прогресивни средини. Споменатиот весник „Независна Македонија“ објавил статија под наслов: „За правната ништавност на Букурешкиот мировен договор“ од 1913 година во која се осудувала заграбувачката политика на балканските монархии. Весникот предупредувал дека сепак „ерата на бруталната сила била минато“ и дека биле неизбежни радикални промени во балканските земји. Затоа „новите управувачи морале да сфатат дека настапувал психолошки момент за создавање соединети држави на Балканскиот Полуостров. Во идната конфедерација Македонија за себе барала скромно место“.[77]

Во новите услови во кои се нашол македонскиот народ по Првата светска војна во македонската политичка мисла езгистирала идејата за балканска а потоа и југословенска феде-

---

[72] Ibidem.

[73] Ibidem.

[74] Ibidem: обрнуваме внимание дека во употребата на терминот конфедерација односно федерација нема доследност.

[75] Ibidem.

[76] Ibidem.

[77] Cyrille de Macedonia, Nullite jurisdique du Traité de Bucarest de 1913 — L'indépendence Macedonienne, 1. XI. 1919, 46.

рација што претставува посебна тематска целина. Тоа не значи дека во претходниот период, за кој стана збор, таа идеја не постоела. Напротив.

Од сето претходно кажано може да се согледа дека идејата за конфедерација не само што не му била непозната или уште помалку туѓа на македонскиот народ туку дека истата била прифатена, во еден релативно долг временски период, како солуција што најмногу одговарала на неговите витални интереси и потреби: за обезбедување целосен суверенитет и самостојност за идната македонска држава.

*MIHAJLO MINOSKI*

## L'IDÉE DE LA CONFÉDÉRATION DANS LA PENSÉE POLITIQUE MACÉDONIENNE


Résumé

L'idée d'un État autonome souverain macédonien (dans les frontières naturelles et ethniques) dans le cadre d'une communauté confédératife d'État apparait dans la pensée politique macédonienne vers la fin des années soixante et au commencement des années 70 du XIX$^{e}$ siècle. Elle fût présente d'une manière continue au cours d'une période relativement longue, jusqu'à la fin de la deuxième dizaine du XX$^{e}$ siècle; après, l'idée d'une communauté fédérative d'État apparait et prédomine, avec la Macédoine comme unité fédérale spéciale.

Comme créateurs et propagateurs de ces conceptions à côté des singuliers intellectuels macédoniens comme Paul Argiriyades, le dr. Gjorgji Kapčev, le dr. Atanas Kofarev, le professeur Grigorie Hadjitašković, Dimo Hadji Dimov, Dimitar Llahov etc., apparaissent aussi les sociétés et les organisation national-politiques et révolutionnaires macédoniennes; l'Union révolutionnaire macédonienne des comités, l'Organisation révolutionnaire macédonienne, la Fédération socialiste de Salonique, les sociétés politiques macédoniennes et le Conseil général des sociétés politiques macédoniennes en Suisse, la Représentance provisoire de l'ancienne organisation révolutionnaire macédonienne etc. On peut y entrevoir diverses conceptions plaidant la confédération balkanique, yougoslave, des Slaves du Sud.

La juestion de la création d'une confédération à la Péninsule Balkanique, avec l'État macédonien indépendant comme unité confédérative spéciale, a été actuélisée aussi sur le plan international: dans les organisations internationales (la Ligue internationale pour la paix, le Bureau de l'Internationale socialiste), aux réunions internationales (aux congrès de la Ligue internationale pour la paix en 1876 et 1886 et à la Conférence de la Paix à Paris en 1919).